ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО - ДПМНЕ

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиски извештаи, заедно со ревизија на усогласеност.

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи во целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања и рефлектираните активности и трансакции се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**

Забрана за привремено располагање со дел од имотот на политичката партија преку поведена постапка во 2018 година, која влијае на проценетата вредност на дел од недвижниот имот искажан во Билансот на состојба. Во деловните книги во 2019 година вредноста на имотот е зголемена за пресметаната ревалоризација.

**Издадено мислење/заклучок*:** (жолто – со резерва)

Изразивме мислење со резерва како во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи, така и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

**Клучни препораки:**
Одговорните лица на ВМРО-ДПМНЕ да преземат мерки и активности за соодветно евидентирање на недвижниот имот, по завршување на постапката пред надлежните органи.

**Клучни системски слабости:**
Да се преиспита законската одредба во делот на финансирањето на изборната кампања со средства од редовната сметка; допрецизирање во делот на финансирање на изборниот процес од донации од политичка партија, во однос на поединечните и вкупните лимити на средства; измена и дополна на подзаконските акти со кои се уредува начинот на водење на сметководството на непрофитните организации и регулирање на начинот на плаќање, уплата и евидентирање на членарината како извор на финансирање.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Од страна на одговорното лице на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**
-/-

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018